## ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОСНОВЕН СУД БИТОЛА ЗА ПРИЕМ НА ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ


Судија Горан Димовски

телефон: 047 221-331

адреса: Булевар „1-ви Мај“ бр. 63

е-маил: goran.dimovski@osbitola.mk


## ПРОЦЕДУРА ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
СУ.бр.207/ 19
10.12.2019 година
БИТОЛА

Претседателот на Основен суд Битола, Миле Димовски, врз основа на чл.88 ст.1 од Законот за судовите, чл.13 ст.1 од Судскиот деловник, а во врска со чл.2 ст.4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 46/16), на ден 10.12.2019 година ја донесе следната:

ПРОЦЕДУРА ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ
ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Член 1

Со оваа Процедура се уредува начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи доставени заради заштитено внатрешно пријавување во Основен суд Битола, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачите и на пријави од укажувачи во Основен суд Битола.

Член 2

Заштитено внатрешно пријавување укажувачот врши во Основен суд Битола, ако има разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. Укажувачот не е должен да ја докажува

добрата намера и вистинитоста на пријавувањето од ставот (1) на овој член. На укажувачот му се обезбедува заштита согласно закон и му се гарантира доверливост.

Член 3

Прием на пријави заради заштитено внатрешно пријавување во Основен суд Битола врши лице овластено од Основен суд Битола, на кое му се обезбедува независност и непреченост во работењето. Овлатеното лице за прием на пријави од укажувачи заради заштитено внатрешно пријавување во Основен суд Битола (во натамошниот текст: овластеното лице), врши прием на пријавите доставени до него директно од укажувач заради заштитено пријавување согласно со закон, поединечно или групно, во писмена форма доставени лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче или усно на записник.

Член 4

Лицето кое согласно член 2 став 3 од Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач, пријавувањето го врши директно до овластеното лице и тоа усно на записник или во писмена форма, доставена лично или преку поштенско или електронско сандаче.

Член 5

Во случаите кога пријавувањето е извршено директно до овластеното лице во Основен суд Битола, овластеното лице задолжително: -постапува по пријавувањето со почитување на постапките утврдени со оваа Процедура; -презема мерки за заштита на личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, согласно прописите за заштита на личните податоци; -презема мерки за заштита на информациите во пријавата доколку истите се добиени со увид во класифицирани документи или истите се класифицирани информации, согласно прописите за заштита на класифицирани информации и -го информира укажувачот доколку е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Член 6

Доколку пријавата е дадена усно, овластеното лице составува записник во кој се содржани следните податоци: а) назив на судот; б) податоци за укажувачот - име и презиме; - категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач; - барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара; в) податоци за лицето против кој укажувачот пријавува; г) опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес; д) начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот (предложени од укажувачот); ѓ) прилози и е) датум и место на прием на пријавата. Совпаѓањето на податоците од усната пријава во содржината на записникот се потврдува со личен потпис на укажувачот и овластеното лице. Записникот од ставот 1 на овој член се заведува како примена пријава, а доколу истиот содржи класифицирани

информации се класифицира согласно содржината и се заведува во деловодната книга за класифицирани информации согласно степенот на класификација.

Член 7

Пријавата за заштитено пријавување што се доставува во писмена форма содржи: а) назив на судот; б) податоци за укажувачот - име и презиме; - категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач; - барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара; в) податоци за лицето против кој укажувачот пријавува; г) опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес; д) начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот (предложени од укажувачот); ѓ) прилози и е) датум и место на прием на пријавата. Доколу пријавата содржи класифицирани информации или во прилог се доставуваат прилози кои се со степен на класификација, истата се класифицира согласно иформациите и прилозите кои се во прилог.

Член 8

Доколку пријавата е доставена во електронска форма на носач на електронски запис односно по електронски пат, овластеното лице го печати записот кој одговара на пријава според содржината и испечатеното со попишани прилози добиени во форма на електронски записи го заведува како примена пријава. Доколку пријавата во својата содржина има класифицирани информации, истата ја класифицира со степен согласно содржината и ја заведува во деловна книга за класифицирани информации согласно степенот на класификацијата. Доколку печатењето на прилозите од ставот (1) на овој член е неекономично, овластеното лице истите ги зачувува во електронска форма на посебниот компјутер обезбеден со лозинка позната само нему. Кога овластеното лице ја проследува пријавата до друга надлежна институција или кога е потребно пренесување на приложените електронски записи заради постапување по пријавата, во случајот на ставот (3) на овој член, овластеното лице извршувајќи ги обврските и одговорностите во примена на обезбедените технички и организациски мерки за заштита на податоците во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци, електронските записи ги преснимува на носач на електронски запис кој го приложува кон пријавата

Член 9

Овластеното лице истиот ден по приемот на пријавата ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, ја проучува нејзината содржина и постапува согласно закон. Заведувањето на примените пријави, овластеното лице го врши со ставање посебен приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

Член 10

Доколку овластеното лице утврди дека примениот документ односно запис не претставува односно не се однесува на пријава од укажувач, за истото веднаш во предметот става забелешка која ја евидентира во посебниот деловодник. Овластеното лице задржува копија од предметот, а предметот со приложените документи во оригинал

го доставува со пропратно писмо до писарницата на надлежната институција. За преземените дејствија од ставот (2) на овој член, овластеното лице без одлагање го известува укажувачот доколку е познат.

Член 11

По приемот и заведување на пријавата овластеното лице без одлагање врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач согласно Закон за заштита на укажувачи и дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена за понатамошно постапување. Во вршењето на проценката од ставот (1) на овој член, овластеното лице може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат и да се консултира со други лица, притоа да внимава на заштитата на идентитетот на укажувачот. По извршување на проценката од ставот (1) на овој член, овластеното лице донесува заклучок за понатамошно постапување по пријавата кое се однесува на надлежност/ненадлежност за постапување на институцијата каде е назначено и потребно преземање мерки за постапување по пријава.

Член 12

За наводите од содржината на пријавата и заклучоците од членот 11 на оваа Процедура овластеното лице без одлагање го известува Претседателот на Основен суд Битола со писмено известување, потпишано и заверено од овластеното лице на Основен суд Битола. По исклучок, доколку овластеното лице во вршењето на проценката од членот 11 од оваа Процедура констатира дека наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени против Претседателот на Основен суд Битола, пријавата без известување на Претседателот на Основен суд Битола, ја проследува до надлежната институција согласно закон.

Член 13

Овластеното лице до кое е доставена пријава по која е надлежна да постапува друга институција согласно закон, најдоцна до осум дена од денот на приемот пријавата ја заведува и ја проследува до надлежната институција. Доколку е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од областа на организираниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години, чиешто докажување е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на укажувачот кој поради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавена писмена согласност од укажувачот без одлагање доставува: - до Министерството за внатрешни работи или надлежен јавен обвинител иницијатива за доставување писмено барање за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно Законот за заштита на сведоци или - до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија иницијатива за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци. За проследување на пријавата од ставот (1) на овој член и за доставување на писменото барање од ставот (2) алинеи 1 и 2 на овој член, овластеното лице истовремено го известува укажувачот доколку е познат.

Член 14

Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач без негова согласност, освен кога тоа се бара со судска одлука кога е неопходно потребно за водење на постапка пред надлежен орган. Овластеното лице е должно да ги заштити податоците за укажувачот, односно податоците врз основа на кои може да се открие идентитетот на укажувачот, освен ако укажувачот се согласи на откривање на тие податоци, а во согласност со закон со кој се уредува заштитата на личните податоци. Секое лице кое ќе ги дознае податоците од ставот (1) на овој член е должно да ги заштити тие податоци. Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно во текот на примањето на информациите да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежниот орган согласно ставот (1) на овој член, како и да го извести за мерките за заштита на учесникот во кривичната постапка. За откривањето на идентитетот на укажувачот врз основа на донесена судска одлука согласно ставот (1) на овој член, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи е должно да го извести укажувачот пред откривањето на идентитетот.

Член 15

Укажувачот има право на судска заштита пред надлежен суд согласно со закон. Укажувачот може пред надлежен суд со тужба да побара: - утврдување дека е преземено штетно дејствие или е повредено право заради заштитено пријавување; - забрана на вршење на штетно дејствие или повреда на право и повторување на штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување; - поништување на акт со кое е извршено штетното дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување; - отстранување на последиците од штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување; -надоместок на материјална и нематеријална штета заради заштитено пријавување.

Член 16

Укажувачот има право на надомест на штета што може да ја претрпи тој или нему блиски лица поради заштитено внатрешно пријавување. Барањето за надомест на штета од ставот (1) на овој член се остварува со поднесување на тужба до надлежниот суд.

Член 17

Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е свесно пријавување невистинити информации за физичко или правно лице со цел предизвикување на штетни последици за истото. Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е и доколку со должно внимание и совесно, до степен до кој тоа го дозволуваат околностите, не проверил дали тие се точни и веродостојни. Со утврдување на злоупотребата од ставовите (1) и (2) на овој член се губи заштитата обезбедена согласно со Законот за заштита на укажувачи. Злоупотребата на пријавувањето на укажувачот поради која настанале штетни последици за физичкото или правното лице е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност согласно со закон.

Член 18

Овластеното лице изготвува полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи за заштитено внатрешно пријавување во Основен суд Битола кој содржи општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави. Општи статистички податоци за кои задолжително се известува со полугодишен извештај се: а) вкупен број на примени пријави; б) број на примени пријави, по следните параметри: - форма и начин на достава на пријава (усна на записник, писмена по пошта, писмена по електронска пошта), - пријавено казниво односно недозволено постапување; - категорија на лица во својство на укажувач; - доверливи укажувачи, - анонимни укажувачи, - укажувачи кои не се анонимни и кои не барале да бидат доверливи; в) вкупен број на укажувачи; г) број на анонимни укажувачи; д) број на доверливи укажувачи; ѓ) број на пријави кои се проследени до институција на надлежно постапување; е) број на пријави по кои институцијата постапила во рамки на своите надлежности; Податоци за оформени предмети по примени пријави се: а) вкупен број на примени пријави; б) број на примени пријави по параметрите: - пријавено казниво односно недозволиво постапување,
- категорија на лица во својство на укажувач, - позиција/работно место на пријавени лица,
- доверливи укажувачи, - анонимни укажувачи, - укажувачи кои не се анонимни и кои не барале да бидат доверливи; в) вкупен број на укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети; г) број на анонимни укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети; д) број на доверливи укажувачи кои доставиле пријави по кои се оформени предмети; ѓ) број на предмети оформени по примени пријави; е) преземени мерки за постапување по примените пријави; ж) статус на предметите оформени по примени пријави и исход од постапувањето по предметите. Полугодишниот извештај од ставот 1 се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Член 19

Оваа Процедура влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави на видно место во просториите на Основен суд Битола , ќе биде објавена на интерната веб страна на Основен суд Битола и ќе биде јавно достапна преку објава на веб страната на Основен суд Битола.

Претседател на судот
Судија,
Миле Димовски